D-11-9-75
2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 3 септември 1975
Скопје
Број 31 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**378.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за распределба на средствата за нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот 1971—1975 година („Службен весник на СРМ" бр. 8/73 и 19/75), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИК И ПОБЛИСКИ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШЕН ПРОСТОР ЗА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

1. Средствата за изградба на училишен простор за средните училишта во износ од 15.000.000 динари, утврдени со Законот за распределба на средствата за нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот 1971—1975 година, ќе се користат преку Општата заедница на образованието.

2. Средствата од претходната точка Општата заедница на образованието ќе ги распореди по одделни корисници според условите утврдени со Програмата за изградба на училишен простор за средните училишта.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1728/1
24 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**379.**

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за основање на организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ" бр. 46/72), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ И ИЗНОСИТЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗА РАЗВИТОКОТ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1975 ГОДИНА

1. Дел од приходот на организацијата на здружениот труд за приредување игри на среќа Лотарија на Македонија, утврден со Одлуката за распределба на приходите на Лотаријата на Македонија во 1975 година („Службен весник на СРМ" бр. 31/75) во вкупен износ од 19.597 илјади динари, се распределува:

| | во 000 динари |
|---|---|
| а) За социјално-хуманитарните дејности | 8.000 |
| — Сојуз на здружението на борците од НОБ на СРМ | 1.280 |
| — Црвен крст на СРМ | |
| 1) за редовна дејност | 1.200 |
| 2) за крводарителство (на координационото тело) | 320 |
| — Сојуз на друштвата за помош на ментално недоволно развиените лица во СР Македонија | |
| 1) за редовна дејност | 960 |
| 2) за изградба на работни простории | 979 |
| — Сојуз на слепите на СРМ | 960 |
| — Сојуз на глувите на СРМ | 960 |
| — Сојуз на трудовите инвалиди на СРМ | 400 |
| — Совет за грижи и воспитување на деца на СРМ | 400 |
| — Сојуз на спорт и рекреација на инвалидите на СРМ | 320 |
| — Народна техника на СРМ | 240 |
| — Сојуз за борба против алкохолот и наркоманијата | 240 |
| — Здружение на дистрофичарите на СРМ | 160 |
| — Здружение на цивилните инвалиди од војната | 240 |
| — Сојуз на друштвата на дефектолозите на СРМ | 120 |
| — Здружение на социјалните работници на СРМ | 80 |
| — Здружение на клубовите на лекувани алкохоличари | 80 |
| — Здружение за помош на лица заболени од мултиплекс-склероза | 40 |
| б) За развиток на физичката култура | 7.134 |
| в) За Фудбалскиот сојуз на Југославија за користење на календарот на натпреварувањето | 3.484 |

2. Средствата од точката 1 под б) Лотаријата на Македонија ќе им ги уплатува на заедниците на физичката култура во општините сразмерно на учеството во остварената уплата од спортската прогноза, а за изградба, опремување и инвестиционо одржување на објекти за физичка култура.

3. Ако Лотаријата на Македонија не го оствари финансискиот план за 1975 година, на корисниците на средствата од точката 1 на оваа одлука сразмерно ќе им бидат намалени средствата утврдени со оваа одлука.

4. Ако Лотаријата на Македонија оствари приход поголем од износот утврден со финансискиот план за 1975 година, разликата на повеќе остварениот приход ќе им биде распределена на корисниците од точката 1 на оваа одлука според нивното учество во користењето на средствата распоредени со оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1503/2
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**380.**

Врз основа на член 7, став 1 од Законот за основање на организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИХОДИТЕ НА ЛОТАРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 1975 ГОДИНА

1. Приходите што ќе ги оствари организацијата на здружениот труд за приредување игри на среќа — Лотаријата на Македонија во 1975 година, по одбивањето на износот за исплата на добивките, се распределуваат на следните корисници:

| | |
|---|---|
| а) Лотарија на Македонија | |
| — за редовна дејност | 35% |
| — за основни и обртни средства | 6% |
| б) Заедницата на Југословенската лотарија | 1,12% |
| в) На социјално-хуманитарните организации | 26,46% |
| г) За развој на физичката култура | 21,11% |
| д) Надоместок на Фудбалскиот сојуз на Југославија за користење на календарот на натпреварувањето (10% од планираниот промет на спортската прогноза) | 10,31% |

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1492/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**381.**

Врз основа на член 5 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 25/72), а во согласност со точка 7 од Одлуката за начинот на формирањето на цените и за мерките на непосредна општествена контрола на цените на производите и услугите од интерес за Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 19/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ТЕТРАТКИТЕ

1. Цените на тетратките во производството, производителите можат да ги формираат до нивото од 25. IV. 1974 година, со задржување на постојните услови на продажба.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1719/2
21 август 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**382.**

Врз основа на член 5 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 25/72), а во согласност со точка 7 од Одлуката за начинот на формирањето на цените и за мерките на непосредна општествена контрола на цените на производите и услугите од интерес за Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 19/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НИВО ДО КОЕ МОЖАТ ДА СЕ ФОРМИРААТ ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА (ШКОЛСКИ УЧЕБНИЦИ)

1. Цените за производите на графичката индустрија (школски учебници) што постоеле на 31 декември 1974 година како малопродажни цени, формирани од производителите, можат да се зголемат во просек до 10%.

2. На ценовниците за одделните производи од точката 1 од оваа одлука дава согласност Републичкиот завод за цени.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1719/3
21 август 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**383.**

Врз основа на член 5 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 25/72), а во врска со точка 7 од Одлуката за начинот на формирањето на цените и за мерките на непосредна општествена контрола на цените на производите и услугите од интерес за Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 19/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НИВОТО ДО КОЕ МОЖАТ ДА СЕ ФОРМИРААТ ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ШУМИТЕ

1. Производителските организации на здружениот труд можат спогодбено во рамките на Стопанската комора на Македонија, да ги зголемат постојните цени на производите од искористување на шумите во просек до 4,6%.

2. Цените на огревното дрво франко утоварено во камион на шумско-камионски пат, можат да изнесуваат за еден просторен метар до:

— огревно дрво од тврди лисјари: 180 дин. за I класа; 165 дин. за II класа и 129 дин. за III класа;

— огревно дрво од меки лисјари: 140 дин. за I класа; 118 дин. за II класа и 97 дин. за III класа.

3. На постигнатата спогодба согласност дава Републичкиот завод за цени.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1719/4
21 август 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**384.**

Врз основа на член 4 од Законот за распределба на средствата за нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката за периодот 1971—1975 година („Службен весник на СРМ“ бр. 8/73 и 19/75) и член 23 став 2 од Законот за Републичкиот буџет за 1975 година („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74 и 27/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА НЕСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ ШТО СЕ ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ЗА 1975 ГОДИНА

1. Во Одлуката за распределба на средствата за изградба и опремување на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката за 1975 година („Службен весник на СРМ“ бр. 18/75 и 25/75), во точката 1 се вршат следниве измени:

— во подточката 4, износот „5.000.000“ се заменува со износот „9.000.000“;

— во подточката 12, износот „15.000.000“ се заменува со износот „13.000.000“; и

— во подточката 16, износот „3.000.000“ се заменува со износот „1.000.000“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1724/1
21 август 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**385.**

Врз основа на член 158 став 5 од Законот за средно образование („Службен весник на СРМ“ бр. 24/70), се објавува изводот од регистарот на верифицираните училишта за средно образование

## ИЗВОД
### ОД РЕГИСТАРОТ НА ВЕРИФИЦИРАНИТЕ УЧИЛИШТА И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

| Реден број | Назив на училиштето (организацијата) | Седиште | Смер |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Гимназија „Ацо Русковски“ | Берово | гимназијален |
| 2. | Гимназија „Јосип Броз — Тито“ | Битола | гимназијален |
| 3. | Гимназија „Браќа Миладиновци“ | Битола | гимназијален |
| 4. | Електро-машински училишен центар „Ѓуро Салај“ | Битола | електро-машински |
| 5. | Училиште за занимања „Кочо Рацин“ | Битола | автомеханичарски и текстилен |
| 6. | Земјоделско училиште „Борис Кидрич“ | Битола | полјоделски |
| 7. | Економско училиште „Јане Сандански“ | Битола | економски |
| 8. | Медицинско училиште | Битола | медицински сестри |
| 9. | Музичко училиште | Битола | музички |
| 10. | Гимназија „Гоце Делчев“ со земјоделски паралелки | Валандово | гимназијален и земјоделски |
| 11. | Гимназија „Ванчо Прке“ со металско-машински паралелки | Виница | гимназијален и металски |
| 12. | Гимназија „Панче Поповски“ | Гостивар | гимназијален |
| 13. | Електро-машински училишен центар „Злате Малаковски“ | Гостивар | машински и електро |
| 14. | Училиште за неметали при Работничкиот универзитет | Гостивар | неметалски |
| 15. | Економско училиште „Чедо Филиповски“ | Гостивар | економски |
| 16. | Гимназија „Здравко Чочковски“ | Дебар | гимназијален |
| 17. | Гимназија „Методи Митевски-Брицо“ | Делчево | гимназијален |
| 18. | Гимназија „Јосиф Јосифовски“ | Гевгелија | гимназијален |
| 19. | Металско училиште за занимања „Ристо Поп-Ристов“ | Гевгелија | металски |
| 20. | Гимназија „Јосип Броз — Тито“ | Кавадарци | гимназијален |
| 21. | Индустриско училиште со практична обука „Киро Спанџовски — Брко“ | Кавадарци | електро и металски |
| 22. | Мелиоративно-лозарско училиште „Тошо Велков-Пепето“ | Кавадарци | лозаро-винарски и мелиоративен |
| 23. | Шумарски училишен центар „Иво Рибар — Лола“ | Кавадарци | шумарски |
| 24. | Центар за средно образование „Мирко Милески“ | Кичево | гимназијален, рударски и металски |
| 25. | Металско училиште за занимања при Заедницата за вработување | Кичево | машински за возрасни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 26. | Гимназија со економски паралелки „Љупчо Сантов“ | Кочани | гимназијален економски |
| 27. | Електро-машински училишен центар „Гошо Викентиев“ | Кочани | електромашински автомеханичарски |
| 28. | Гимназија „Митко Пенџуклиски“ | Кратово | гимназијален |
| 29. | Гимназија „Моша Пијаде“ | Крива Паланка | гимназијален текстилен |
| 30 | Металско училиште за занимања при Заедницата за вработување | Крива Паланка | металски за возрасни |
| 31. | Гимназија „Наум Наумовски — Борче“ | Крушево | гимназијален |
| 32. | Златарско филигранско училиште при Организацијата на здружен труд „Златара“ | Крушево | златарско-филигрански |
| 33. | Училишен центар за средно образование | Куманово | земјоделски, земјоделска механизација, електромашински, економски, гимназијален, услужни дејности и автомеханичари |
| 34. | Училишен центар за средно образование „Јосип Броз — Тито“ | Неготино | гимназијален прехранбен |
| 35. | Гимназија со економски паралелки „Климент Охридски“ | Охрид | гимназијален економски |
| 36. | Електро-машински училишен центар „Тито“ | Охрид | машински, електро |
| 37. | Угостителско училиште „Ванчо Питошески“ | Охрид | угостителски (келнери и готвачи) |
| 38. | Гимназија „Мирче Ацев“ | Прилеп | гимназијален |
| 39. | Индустриско училиште со практична обука „Ристо Ристевски — Ричко“ | Прилеп | металски, електро |
| 40. | Хемиско-технолошки училишен центар прехранбена насока „Борка Талески“ | Прилеп | прехранбен |
| 41. | Техничко преработувачко училиште „Трајко Бошковски — Тарцан“ | Прилеп | дрвно-преработувачки |
| 42. | Тутунско училиште „НХ Орде Чопела“ | Прилеп | тутунски |
| 43. | Земјоделско училиште со практична обука с. Славеј | Прилеп | пољоделски |
| 44. | Економско училиште „Кузман Јосифовски — Питу“ | Прилеп | економски |
| 45. | Трговски училишен центар „Трети ноември“ | Прилеп | трговски |
| 46. | Медицинско училиште — акушерски смер | Прилеп | акушерски |
| 47. | Индустриски училишен центар „Илија Игески — Цветан“ | Прилеп | текстилен и рударски |
| 48. | Гимназија „Наум Наумовски — Борче“ | Пробиштип | гимназијален |
| 49. | Рударско-геолошко средно техничко училиште | Пробиштип | рударски-геолошки |
| 50. | Гимназија „Коста Сусинов“ | Радовиш | гимназијален |
| 51. | Гимназија „Стив Наумов“ | Ресен | гимназијален |
| 52. | Училишен центар за стручно оспособување земјоделски кадри „Јосиф Јосифовски — Свештарот“ | Ресен | земјоделски и овоштарски |
| 53. | Гимназија „Кочо Рацин“ | Св. Николе | гимназијален |
| 54. | Земјоделско училиште за занимања | Св. Николе | пољоделски и земјоделска механизација |
| 55. | Гимназија „Цветан Димов“ | Скопје | гимназијален |
| 56. | Гимназија „Ѓорѓи Димитров“ | Скопје | гимназијален |
| 57. | Гимназија „Јосип Броз — Тито“ | Скопје | гимназијален |
| 58. | Гимназија „Раде Јовчевски — Корчагин“ | Скопје | гимназијален |
| 59. | Гимназија „Орце Николов“ | Скопје | гимназијален |
| 60. | Гимназија „Никола Карев“ | Скопје | гимназијален |
| 61. | Гимназија со паралелки на економско училиште „Кочо Рацин“ — Ѓорче Петров | Скопје | гимназијален |
| 62. | Гимназија „Браќа Миладиновци“ — Драчево | Скопје | гимназијален |
| 63. | Гимназија „Зеф Љуш — Марку“ | Скопје | гимназијален |
| 64. | Електро-машински училишен центар „Никола Тесла“ | Скопје | електромашински |
| 65. | Центар за образование при Рудници и железарница „Скопје“ | Скопје | металски и металуршки |
| 66. | Средно стручно училиште за одделни занимања од металска и електро струка „Коце Металец“ | Скопје | електро и металски |
| 67. | Градежно машински училишен центар | Скопје | градежен и градежна механизац |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 68. | Градежен училишен центар „Здравко Цветковски“ | Скопје | градежен |
| 69. | Хемиски училишен центар „Марија Кири — Склодовска“ | Скопје | хемиски |
| 70. | Дрвопреработувачко училиште „Димитрие Туцовиќ“ | Скопје | дрвопреработувачки |
| 71. | Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“ | Скопје | автосообраќаен |
| 72. | Угостителско училиште со практична обука | Скопје | угостителски (келнери и готвачи) |
| 73. | Средно стенодактилографско училиште | Скопје | стенодактилографи |
| 74. | Економско училиште „Борис Кидрич“ | Скопје | економски и управен |
| 75. | Економско училиште „Моша Пијаде“ | Скопје | економски |
| 76. | Трговски училишен центар | Скопје | трговски |
| 77. | Медицински училишен центар „Д-р Панче Караѓозов“ | Скопје | медицински сестри, акушерки, болногледачки, аптекарски, санитарни тех, лаборанти и заботехничари |
| 78. | Музичко училиште | Скопје | музички |
| 79. | Балетско училиште | Скопје | балетски |
| 80. | Училишен центар за занимања „Димитар Влахов“ | Скопје | берберски, фризерски, козметичарски, шивачки, графички и стакларски |
| 81. | Училиште за физичка култура „Методија Митевски — Брицо“ | Скопје | физичка култура |
| 82. | Училишен центар на железничарите — Скопје | Скопје | металски, за занимања, сообраќајно-комерцијален |
| 83. | Техничко училиште за заварувачи и економско училиште за возрасни при Работничкиот универзитет — Скопје | Скопје | техничар-заварувач и економски |
| 84. | Училиште за занимања за возрасни при Заедницата за вработување | Скопје | прецизна механика, противпожарникари, електро и металски и радио и тв механичари |
| 85. | Гимназија „Браќа Миладиновци“ | Струга | гимназијален |
| 86. | Металско училиште за занимања при Заводот за вработување | Струга | металски |
| 87. | Градежен училишен центар „Нико Нестор“ | Струга | градежен |
| 88. | Гимназија „Јане Сандански“ | Струмица | гимназијален |
| 89. | Училишен центар за електро и металска насока | Струмица | електро, металски и трговски |
| 90. | Земјоделско училиште „Димитар Влахов“ | Струмица | полјоделски |
| 91. | Економско училиште „Вељко Влаховиќ“ | Струмица | економски |
| 92. | Електро-металско училиште за занимања за возрасни при Заедницата за вработување | Струмица | електро и металски |
| 93. | Училиште за занимања од текстилна и неметалска насока за возрасни при Работничкиот универзитет | Струмица | преработка на неминерални суровини и текстилен |
| 94. | Гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ | Тетово | гимназијален |
| 95. | Текстилно училиште за занимања | Тетово | текстилен |
| 96. | Средно медицинско училиште за медицински техничари | Тетово | медицински сестри и акушерки |
| 97. | Земјоделски училишен центар | Тетово | земјоделски, земјоделска механизација, автомеханичарски и трговски |
| 98. | Гимназија „Кочо Рацин“ | Т. Велес | гимназијален |
| 99. | Хемиско-технолошко-техничко училиште | Т. Велес | хемиско-технолошки и хемиско-металуршки |
| 100. | Економско училиште „Јовче Тесличков“ | Т. Велес | економски |
| 101. | Индустриско училиште со практична настава | Т. Велес | металски, текстилен керамички |
| 102. | Гимназија „Славчо Стојменов“ | Штип | гимназијален |
| 103. | Металски училишен центар „Коле Нехтенин“ | Штип | електро-машински |
| 104. | Текстилен училишен центар | Штип | текстилен |
| 105. | Училиште за медицински сестри и акушерки | Штип | медицински сестри и акушерки |
| 106. | Музичко училиште | Штип | музички |

Републички секретар
за образование и наука,
**Љупчо Копровски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**285.**

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) и член 146 и 203 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 јули 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат:

1) работните места на кои вршењето на работата е особено тешка и штетна по здравјето, согласно член 56 став 1 и член 57 став 1 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување и член 114 и 115 став 1 точка 1, 2 и 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

2) работните места на кои осигурениците, поради природата и тежината на работата по наполнувањето на одредени години на живот не можат со успех да ја вршат својата професионална дејност, согласно член 57 став 2 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување и член 115 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

3) степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето кој се признава за секои 12 месеци ефективно поминати на одделни работни места,

4) постапката за утврдување на фактичката состојба за работните места на кои стажот на осигурувањето се смета во зголемено траење поради воспоставување на евиденција за тие работни места и работниците кои работат на нив.

Член 2

Како работни места на кои работата е особено тешка и штетна за здравјето во смисла на член 1 точка 1 од оваа одлука и соодветниот степен на зголемување на стажот на осигурување се утврдуваат:

#### 1. ВО РУДНИЦИТЕ

1) Работните места на работници кои работат на непосредно производство во јамите на рудници во кои се експлоатираат нуклеарни суровини.

2) Работните места на работници кои работат на непосредно производство во јамите на рудници во кои не се експлоатираат нуклеарни суровини, но во тие јами, според наодот на сојузниот орган на управата надлежен за работите на нуклеарната енергија, постои јонизирачко зрачење кое значително го надминува просекот на природното зрачење и се приближува кон нивото на зрачењето во јамите на рудници во кои се експлоатираат нуклеарни суровини.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

3) Работните места на работници кои работат во рудници непосредно на производството на подземни работи.

4)Работните места на работници кои работат на работите во врска со непосредното производство во јамите на рудници во кои се експлоатираат нуклеарни суровини односно во јамите на рудници во кои не се експлоатираат нуклеарни суровини, но во кои, според наодот на сојузниот орган на управата надлежен за работите на нуклеарната енергија, постои јонизирачко зрачење што се приближува до нивото на зрачењето во јамите на рудници во кои се експлоатираат нуклеарни суровини.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 и 4 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

5) Работните места на работници кои работат на работи за заштита од јонизирачки зрачења во јамите на рудниците на нуклеарни суровини.

6) Работните места на работници кои работат во рудници најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината („Службен лист на СФРЈ“ бр. 20/69)), да поминат на подземни работи во врска со производството (сниматели и мерачи на јами, управници, инженери, технички референти, работоводители, работници на занаетчиски работи и помошни работници кај снимателите и мерачите на јами, кај работниците на занаетчиски работи и на главните извозни подземни патишта).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 5 и 6 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

7) Работните места на работници кои непосредно работат на дупчење мински дупки на површински откопи (дупчачи и помошници на дупчачи).

8) Работните места на возачи на тешки возила со носивост над 20 тони на површински откопи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 7 и 8 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

#### II. ВО ЖЕЛЕЗАРНИЦИ

**1. Работни места кај високи печки**

Работните места на работници кои непосредно работат на топење руда кај високи и ТХ-печки.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

**2. Работни места во челичани**

1) Работните места на топители во челичани и леарници на челик кои непосредно работат на топење и прободување со полно работно време.

2) Работните места на работници на леење челик во леарни јами.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

**3. Работни места во валалници**

1) Работните места на работници во валалници на челик каде што работата се врши со рачен алат на жешко (вложување, прифаќање, извлекување, раздвојување, вртење и чистење на валалнички производи).

2) Работните места на работници на жарни и загревни печки со континуиран процес на производство каде што работата се врши со рачен алат (туркачи и потискувачи).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

### 4. Работни места во поцинкувалници

Работните места на работници кои непосредно работат на поцинкување и лужење на жица, цевки и лим.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 5. Работни места на агломерација

Работните места на работници кои непосредно работат на агломерација со полно работно време.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 6. Работни места во ковачници на железарници и други ковачници

Работните места на работници кои работат на работите на механизирано машинско ковање, на чекани со тежина на токмакот над 800 кгр. и на тешки преси при континуирано производство на отковки потешки од 150 кгр. (прв ковач и предработник на чекан, трет ковач и помошници, предработник на преса, прв ковач на преса, раководител на преса и помошници).

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 7. Работни места на одржување постројки

Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско и електроодржување на простројки во железарници.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## III. ВО КОКСАРНИЦИ

Работните места на работници кои работат на отворање капаци на коксни батерии (деклери).

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## IV. ВО ОБОЕНАТА МЕТАЛУРГИЈА

### 1. Работни места на агломерација

Работните места на работници кои непосредно работат на агломерација во обоената металургија со полно работно време.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 2. Работни места на дробење руди

1) Работните места на работници кои непосредно работат на секундарно и терцијално дробење на руди на обоени метали и на кварцна руда (дробилничари, точачи на руда, работници на сеење на руда и послуга на транспортни ленти во дробилки).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

2) Работните места на работници кои работат на примарно дробење руди на обоени метали кај отворени дробилки.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на одржување машини и уреди во дробилници и работните места на надзорно-техничкиот персонал кој непосредно работи во дробилници на секундарно и терцијално дробење на руди на обоени метали и на кварцна руда.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 2 и 3 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 3. Работни места во производството на бакар

1) Работните места на работници кои непосредно работат кај WJ — печки (работници кои работат на саржирање, испуштање бакренец, чистење на згура и вадење на прав).

2) Работните места на работници кои непосредно работат на саржирање на концентрати и на испуштање на прженец во пржалници на бакар.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

3) Работните места на работници кои непосредно работат кај пламени печки (работници што работат на шаржирање и испуштање бакренец и згура).

4) Работните места на работници кои непосредно работат како пржители во контрола на процесот на пржење во пржалници на бакар.

5) Работните места на работници кои непосредно работат на чистење на бренери кај пламена печка.

6) Работните места на работници кои непосредно работат на отпрашување на котел кај пламена печка.

7) Работните места на работници кои непосредно работат на уфрлање на кварц во конвентор.

8) Работните места на работници кои непосредно работат на точење руда во тунел на WJ — печка.

9) Работните места на работници кои непосредно работат на топење на обоени метали.

10) Работните места на работници кои непосредно работат на преработка на анодна тиња при добивање на благородни метали.

11) Работните места на работници кои непосредно работат на подготвување на вар и реагенти и во флотација и цијанизација.

12) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско одржување на WJ — печки, на пламени печки и пржалници, на машинско и електроодржување на кранови што служат за шаржирање на конвертори и пламени печки.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 до 12 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

13) Работните места на работници кои непосредно работат кај конвертори (работници на шаржирање, испуштање на бакар и чистење на згура).

14) Работните места на работници кои непосредно работат на отпрашување на електрофилтери.

15) Работните места на работници кои непосредно работат на сушење и мелење на материјали за топење на обоени метали.

16) Работните места на работници кои непосредно работат на електролитичка рафинација на бакар (електролизери).

17) Работните места на работници кои непосредно работат кај печки за топење во леарница на бронза (топилничари).

18) Работните места на работници кои непосредно работат на одржување на електромашински уреди во леарница на бакарни легури при добивање на благородни метали и во хала на електролиза.

19) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско одржување на конвертори или на електроодржување на сите металуршки уреди во топилница.

20) Работните места на управници, инженери, технички раководители и техничари кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат непосредно на работа во топилница.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 13 до 20 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

**4. Работни места во производството на олово**

1) Работните места на работници кои непосредно работат на коритести печки и комори на механички филтери во топилници на олово.

2) Работните места на работници кои непосредно работат во пржилници на олово.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

3) Работните места на работници кои постојано работат на помошни работи во хала кај коритести печки (работи непосредно врзани за послужување на коритести печки — подготвување на шаржи, собирање на згура и др.).

4) Работните места на работници кои работат на шаржирање печки во топилница на олово.

5) Работните места на топители на шахтни, тапански, пламени и ротациони печки.

6) Работните места на работници кои работат на работите чистачи на визби, гасоводи и електрофилтери во топилници на олово.

7) Работните места на работници кои непосредно работат на дробење на суровини за шахтни печки и на агломерати за агломерачко пржење на оловни концентрати (ракувач на дробилка, дробиличар и чистач на транспортни ленти).

8) Работните места на работници кои непосредно работат на подготвување на флотациски реагенти.

9) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на електромашинско одржување на шахтни печки, на пржалница, на постројка за филтрација на гасови, на рафинација на олово, на постојка во процесот на хлорирање, на пламени печки, на електролиза на сребро и на одржување на кранови во хали за добивање на олово.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 до 9 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

10) Работните места на работници кои работат на печки во рафинерија на олово, во производството на анодно сребро и бизмут.

11) Работните места на управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината непосредно поминуваат на работа во топилница и во рафинерија на олово.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 10 и 11 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

**5. Работни места во производство на миниум**

Работните места на работници кои работат непосредно во производството на миниум.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

**6. Работни места во производството на цинк**

1) Работните места на работници кои работат непосредно како топители кај немеханизирани дестилациони печки на дестилација на цинк.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

2) Работните места на работници кои работат на копање и префрлање на цинк — агломерати од уреди за агломерација.

3) Работните места на работници кои постојано работат на чистење гасоводи на механички и електрофилтери кај пржилници на цинк.

4) Работните места на работници кои непосредно работат во пржилница на цинк.

5) Работните места на работници кои постојано работат на помошни работи на дестилациони печки (работи во долниот строј на дестилациона печка и работи на собирање на згура).

6) Работните места на работници кои непосредно работат на мелење на суровини за изработка на реторти за дестилациони печки на дестилација на цинк.

7) Работните места на работници кои непосредно работат на дробење, мелење и сеење на згура во топилница на електролиза на цинк.

8) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско и електроодржување на постројки во производството на цинк.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 2 до 8 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

9) Работните места на работници кои непосредно работат на електролитичко добивање на цинк (работници на изведување на цинк, на чистење на келии и на контрола на келии).

10) Работните места на работници кои непосредно работат на печки за дробење на аноден цинк (работници на леење и на обработка на згура).

11) Работните места на работници кои непосредно работат на одржување на полиестер — маса во електроника на цинк.

12) Работните места на работници кои непосредно работат на топење на кадмиум.

13) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на работи на технички надзор во производството на цинк (управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 9 до 13 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

**7. Работни места во производството на антимон**

1) Работните места на работници кои непосредно работат на пламени печки за преработка на антимон — триоксид (работници што работат на шаржирање, топење и излевање).

2) Работните места на работници кои непосредно работат на шахтни печки за преработка на згура (работници што работат на шаржирање, топење и излевање).

3) Работните места на работници кои непосредно работат на печки за предрафинација и рафинација (работници што работат на топење, шаржирање и излевање).

4) Работните места на работници кои непосредно работат на опслужување на механички филтери и на гасни цевки во топилница на антимон.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 4 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

5) Работните места на работници кои работат кај ротациони печки непосредно на пржење антимонови руди и концентрати.

6) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на машинско и електроодржување на постројки и уреди во топилница на антимон.

7) Работните места на управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари кои најмалку 80% од вкупното ефективно

работно време во текот на годината непосредно поминуваат во топилница на антимон.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 5 до 7 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

**8. Работни места во производството на жива**

1) Работните места на работници кои непосредно работат кај шпирек — печки и шахтни печки (топители и помошници).

2) Работните места на работници кои непосредно работат на горниот и долниот дел на шпирек — печки и шахтни печки.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на преработка на живин прав.

4) Работните места на работници кои работат непосредно на полнење шишиња со жива.

5) Работните места на работници кои работат непосредно на просевање на живиниот оксид.

6) Работните места на работници кои работат во производството на живин сублимат (синтеза, вадење сублимат од комора, подготовка на сублимат за пакување и пакување на сублимат).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 6 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

7) Работните места на топители кај ротациони печки.

8) Работните места на работници кои работат на долниот дел на ротациона печка.

9) Работните места на работници кои работат во производството на живини соединенија (шаржирање, центрифугирање, декантација и рафинирање).

10) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на одржување на постројка во топилница на жива.

11) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на работа на технички надзор во производството на жива (управници, инженери, технички раководители, работоводители и техничари).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 7 до 11 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## V. НА РАБОТИ СО ОЛОВО

Работните места на варилци на олово кои постојано работат на варење лимови, цевки и оловни арматури (хемиска индустрија, обоена металургија и друго).

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## VI. НА ЕЛЕКТРО И АВТОГЕНО ВАРЕЊЕ

Работните места на работници кои непосредно работат на микрозаварување, како и на електро и автогено варење во жешки погони во црната и обоената металургија и во леарници.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## VII. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА АКУМУЛАТОРИ

**1. Во производството на оловни акумулатори**

1) Работните места на работници кои непосредно работат на мелење и мешање на оловни оксиди.

2) Работните места на работници кои непосредно работат на сушење на оловни печки и електроди.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на формирање на оловни плочи.

4) Работните места на работници кои непосредно работат на обработка на оловни електроди.

5) Работните места на работници кои непосредно работат на монтажа на акумулатори и на акумулаторски батерии.

6) Работните места на работници кои непосредно работат на леење на оловни елементи за акумулатори.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 6 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

7) Работните места на работници кои непосредно работат на мачкање на оловни плочи.

8) Работните места на работници кои непосредно работат на складирање на оловни електроди.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 7 и 8 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

**2. Во производството на никел — кадмиумски алкални акумулатори**

1)Работните места на работници кои непосредно работат на производство и обработка на негативна кадмиумска маса.

2) Работните места на работници кои непосредно работат на механичка изработка на електроди.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на производство и обработка на позитивна никлена маса.

4) Работните места на работници кои непосредно работат на брикетирање на маси и на пакување брикети во мрежички.

5) Работните места на работници кои непосредно работат на монтажа на електроди.

6) Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат на одржување на машини при механичка изработка на електроди (реглери).

7) Работните места на началници на одделенија, работоводители, партиводители и техничари кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината поминуваат непосредно на работа на механичка изработка на електроди.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 до 7 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## VIII. ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА

1) Работните места на работници кои работат како машински слагачи на линотип, слагачи на букви на телетипстер и рачни слагачи на букви (типографи).

2) Работните места на работници кои работат како леари на букви на менотип, леари на менотип — супри, леари на безличен материјал (леари на штегови и прореди) и помошници во леарница на букви.

3) Работните места на работници кои работат како леари на олово.

4) Работните места на работници кои работат како стереотипери на оловни плочи и помошници на стереотипија.

5) Работните места на работници кои работат како бакроецери, ецери на клишеа (цинкографи) и помошници во работилница на клишеа.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 5 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## IX. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ФЕРОЛЕГУРИ И КАЛЦИУМ — КАРБИД

### 1. Работни места во производството на феролегури

1) Работните места на работници кои непосредно работат на електро-печки во производството на фероманган — на шаржирање, топење, дупчење, излевање и одвојување на згура.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

2) Работните места на работници кои непосредно работат на електро — печки во производството на феролегури, освен фероманган, на шаржирање, топење и дупчење.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на електро — печки во производството на феролегури, освен фероманган на излевање и одвојување на згура.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 2. Работни места во производството на калциум — карбид

Работните места на работници кои непосредно работат на електро — печки (работници што работат на шаржирање, топење, дупчење и излевање).

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## X. ВО ЛЕАРНИЦИ

1) Работните места на работници во чистилница на одливки што работат на висечки точилки.

2) Работните места на работници кои во кабина работат на песочење на одливки.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

3) Работните места на работници чија работа континуирано ги опфаќа работите на калапирање (рачно и машинско), а не и работите на подготовка и др.

4) Работните места на топители на куполни печки во континуиран процес на леење.

5)Работните места на работниците во чистилница на одливки што работат со рачни и стабилни точилки и на песочење на одливки.

6) Работните места на работници кои работат на истресување одливки од калапите рачно и на вибрациона решетка.

7) Работните места на работници кои работат на избивање јатки рачно и со пневматичен алат.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 до 7 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XI. ВО ВОЕНИТЕ РЕМОНТНИ ЗАВОДИ

Работните места на работници кои во кабина работат на песочење на делови на основни технички средства.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XII. НА РАБОТИ НА ВОЗАЧ НА ДИГАЛКИ

Работните места на работници кои работат како возачи на дигалки на леарни полиња при континуирана работа на печка во црната и обоената металургија, во производството на феролегури и во леарници.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XIII. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА НЕМЕТАЛИ

Работните места на работници кои непосредно работат на дробење азбестна руда, сепарација и пакување на азбестно влакно.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XIV. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ОГНООТПОРНИ МАТЕРИЈАЛИ

1) Работните места на формери на пневматички чекани во производството на специјални фазонски шамотни тули што не е можно да се произведуваат на преси.

2) Работните места на празначи на печки.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XV. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА СТАКЛО

1) Работните места на работници кои работат како дувачи на стакло на луле, набирачи на столец, набирачи на кико — машина, набирачи на преса, банкари — кугличари.

2) Работните места на кристало брусачи — гравери и брусачи за конусно брусење.

3) Работните места на ракувач на машини во машинското производство на стакло (стројостаклари).

4) Работните места на работници кои непосредно работат на влечна подготовка и на уфрлање смеса во стакларска печка.

5) Работните места на дувачи на стакло во производството на индустриски апаратури, стаклени апарати и инструменти, топломери и др.

6) Работните места на работници кои во производството на топломери работат на мерење со жива и на полнење и исфрлање на жива од топломери.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 6 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

7) Работните места на работници кои работат на брусење на стаклени апарати.

8) Работните места на работници кои работат со бои на стакло (стаклосликари).

9) Работните места на работници кои работат на градуирање на стаклени производи (стаклоградуери).

10) Работните места на работници кои работат на леење на жива при баждарење на лабораториски инструменти.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 7 до 10 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XVI. ВО ПОМОРСКАТА БРОДОГРАДБА

1) Работните места на работници кои работат на спојување на елементи во секции и на спојување на секции во конструкција на бродски труп (бродомонтери).

2) Работните места на работници кои работат на монтирање на скелиња на бродови (бродоскелари).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

3) Работните места на работници кои работат како електроварилци во бродски труп.

4) Работните места на работници кои работат на чистење 'рѓа односно на грубо бојадисување во бродски труп.

5) Работните места на работници кои работат на обработување и спојување на метални бродски елементи со пневматски алати.

6) Работните места на работници кои работат на изработка, монтирање и испитување на цевоводи, котли и разладни уреди на бродови (бродоцевари и бродокотлари).

7) Работните места на работници кои работат на гасно режење и рамнење на бродски елементи (гасни режачи).

8) Работните места на работници кои работат на изолирање на бродски елементи (бродоизолатери).

9) Работните места на работници кои работат на премачкување на бродски елементи (бродовапсувачи).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 до 9 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XVII. ВО ХЕМИСКО-ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА

1) Работните места на работници кои непосредно работат на синтеза и екстракција на алкалоидите на опиумот.

2) Работните места на работници кои непосредно работат во производството на морфиум од афионски чушки.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

3) Работните места на работници кои работат на синтеза и екстракција на алкалоидите на опиумот, освен работниците наведени под 1 (шефови на одделенија, технолози и чистачи).

4) Работните места на работници кои работат во производството на морфиум од афионски чушки, освен работниците наведени под 2 (шефови на одделенија, чистачи, магационери на алкалоиди).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 и 4 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XVIII. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА НАФТА

1) Работните места на водач на смена на дупчење и на помошник-водач на смена на дупчење.

2) Работните места на клинари на дупчење и на клинари на ремонт.

3) Работните места на торњаши на дупчење и на торњаши на ремонт.

4) Работните места на мотористи на дупчење.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 4 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XIX. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА ВРЗ БАЗА НА ФОСФОР

1) Работните места на работници кои непосредно работат на мелење и дробење на суровини и на готови производи (ракувачи и помошници на ракувачи на мелница и ракувачи на дробилка).

2) Работните места на работници кои непосредно работат на преработка на суров фосфор кај реактор (ракувачи и помошници на ракувачи на реактор и ракувачи на транспортер под реактор).

3) Работните места на работници кои непосредно работат на апсорпција и на преработка на флуорни гасови (ракувачи на апсорбери и работници на одржување на гасен канал и на вентилатор за апсорпција, ракувачи и помошници на ракувачи на уреди за производство на натриум и калиум силикофлуориди).

4) Работните места на работници кои непосредно работат како ракувачи на вибрациони сита.

5) Работните места на работници кои непосредно работат на полнење на бункери и на послужување, одржување и чистење на транспортни ленти во затворени канали и галерии (ракувачи на транспортни ленти).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 5 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

6) Работните места на работници кои кај гранулатор непосредно работат на подготовка и дозирање на суровини за гранулаторот (ракувачи и помошници на ракувачи на гранулатори, ракувачи на уреди за дозирање на работници за подготовка на томасово брашно и суровина и ракувачи на прифатен бункер за суровини).

7) Работните места на работници кои непосредно работат на пакување на суров фосфат.

8) Работните места на работници кои непосредно работат на уреди за мерење и на пакување на готови производи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 6 до 8 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

9) Работните места на работници кои непосредно работат како ракувачи на печки, сушници и ладилници.

10) Работните места на работници кои непосредно работат на рачно подготвување на суровини за преработка и на готови производи за пакување.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 9 и 10 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XX. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЛАК-ЖИЦА

Работните места на работници кои непосредно работат на лакирање на лак-жица (лакирери).

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XXI. НА РАБОТИ СО ЕКСПЛОЗИВИ И СО ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

1) Работните места на работници кои непосредно работат на производство на иницијални и хемиски чисти бризантни експлозиви, нитроцелулоза, пластични експлозиви, црн барут, малодимни барути, специјални барути и иницијални смеси.

2) Работните места на работници кои непосредно работат на преработка на иницијални и бризантни експлозиви и на делаборација на елементи полнети со овие материи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

3) Работните места на работници кои непосредно работат на доработка на бризантни експлозиви и на производство на прашести експлозиви и пиротехничка смеса.

4) Работните места на работници кои непосредно работат на лаборација со иницијални и бризантни експлозиви.

5) Работните места на работници кои во производните погони непосредно работат на истражување иницијални и бризантни експлозиви, запаливи смеси и црн барут.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3, 4 и 5 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XXII. ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ГРАДЕЖЕН МАТЕРИЈАЛ

1) Работните места на работници кои работат на работите пекач на клинкери.

2) Работните места на работници кои работат како ракувачи со рост-испуст на клинкери.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XXIII. ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО

Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината ќе поминат на непосредни работи на пробивање тунели (дупчачи, минери, запалувачи на мини, натоварувачи и нивни помошни работници).

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XXIV. ВО ГЕОЛОШКИ И РУДАРСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Работните места на дупчачи за истражно дупчење, дупчачи — инјектирци и торкетирци.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XXV. НА РАБОТИ НА ОГНООТПОРНИ ЅИДАРИ

Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината ќе поминат на работа како огноотпорни ѕидари на жешки ремонти и на генерални ремонти на индустриско-металургиски печки (СМ — печки, високи печки, koксни печки, миксери, валалнички печки и ковачки печки за загревање на влошки во валалници односно отковки во ковачници, електропечки за производство на електро -челик и феролегури, нискошахтни ТН — печки за производство на сурово железо, ротациони печки за пржење руда и ротациони печки за производство на: цемент, синтермагнезит, синтердоломит, обоени метали, карбид и жива).

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XXVI. НА РАБОТИ НА НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ

Работните места на работници кои во тунели и во комори на ладилници работат на ниски температури.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XXVII. НА ПОДВОДНИ РАБОТИ

1) Работните места на работници кои работат на нуркачки работи.

2) Работните места на работници кои работат на работи што се вршат во кесони.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

## XXVIII. ВО СООБРАЌАЈОТ

### 1. Работни места во железничкиот сообраќај

1) Работните места на машинисти на парни локомотиви, на дизел локомотиви и на електрични локомотиви.

2) Работните места на огнари на парни локомотиви.

3) Работните места на ракувачи на маневра и маневристи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 3 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

4) Работните места на помошници — машинисти.

5) Работните места на машинисти на маневра.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 4 и 5 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

6) Работните места на кочничари.

7) Работните места на свртничари на станици низ кои минуваат 30 возови во една турнусна смена просечно во текот на годината.

8) Работните места на отправници на возови на станици низ кои минуваат 30 возови во една турнусна смена просечно во текот на годината.

Секои 12 месеци поминати на работните места од 6 до 8 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 2. Работни места во поморскиот и поморско — речниот сообраќај

1) Работните места на натоварениот персонал на танкери што превезуваат течно гориво на долга, голема и мала крајбрежна пловидба.

2) Работните места на јагленоогнари и јагленари на долга, голема и мала крајбрежна пловидба.

3) Работните места на светилничари на светилници од I и II категорија — според посебни прописи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1, 2 и 3 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

4) Работните места на натоварениот персонал, освен персоналот наведен под 1 и 2, на долга, голема и мала крајбрежна пловидба.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 4 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 3. Работни места во речниот сообраќај

Работните места на јагленоогнари и јагленари.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

### 4. Работни места во воздушната пловидба

1) Работните места на работници кои работат на работи на професионални пилоти, под услов да имаат најмалку 200 летања годишно.

2) Работните места на наставници по моторни летања и воздухопловно едриличарство, под услов да имаат најмалку 200 летања годишно.

3) Работните места на наставници по падобранство, под услов да извршат најмалку 30 скокови годишно.

4) Работните места на работници кои работат на работи на летачи-радиотелеграфисти, летачи-навигатори и летачи авиомеханичари, под услов да имаат најмалку 200 летања годишно.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 4 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

Како летање се смета секое полетување.

Летање што трае непрекинато без слетување подолго од 5 часа (чартер-лет) се смета како две летања.

### 5. Работни места во пристанишниот транспорт

Работните места на пристанишно — транспортни работници кои непосредно физички (рачно, немеханизирано) работат на претовар на стоки во пристаништа.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

### 6. Работни места во градскиот и јавниот патен сообраќај

1) Работните места на возачи на тешки товарни моторни возила со носивост од 7 и повеќе тони.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

2) Работните места на возачи на автобуси во градскиот, приградскиот и меѓуградскиот јавен сообраќај.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

## XXIX. ВО КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ

1) Работните места на професионалните пожарникари на оперативни должности во противпожарни единици во:

а) места кои со своја одлука ги основале општествено-политичките заедници: Битола, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Скопје, Струга, Струмица, Тетово, Титов Велес и Штип,

б) места каде постојат работници кои вршат работа како професионални пожарникари, а истите се во работен однос со општинските собранија: Берово, Валандово, Виница, Дебар, Делчево, Кратово, Крива Паланка, Неготино, Радовиш, Ресен и Свети Николе.

2) Работните места на работници кои во канализација непосредно работат на чистење, одржување и поправање на канали и на собирни базени, како и на ракување, одржување и поправање на црпни (фекални) станици и на други уреди за собирање, транспортирање, преработување и евакуирање на канална содржина.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XXX. НА НУКЛЕАРНИ УРЕДИ И ВО НУКЛЕАРНИ ЛАБОРАТОРИИ

1) Работните места на работници кои работат при нуклеарни реактори и акцелератори во лаборатории со висока активност како и на други работни места на кои условите за работа се идентични со условите во такви лаборатории, а што ќе ги определи сојузниот орган на управата надлежен за работите на нуклеарната енергија.

2) Работните места на работници кои работат на работи на деконтаминација во институти за нуклеарни науки.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 и 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XXXI. НА РАБОТИ ВО ОБЛАСТА НА РАДИОЛОГИЈАТА — ВО ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Работните места на лекари и помошен персонал кои непосредно работат на подготвување и применување на затворени гамаиметери.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

## XXXII. НА РАБОТИ КОИ СЕ ВРШАТ ВОН ОРГАНИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ А ИМААТ КАРАКТЕР НА ДОЛЖНОСТИТЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ВО ОРГАНИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ (ОД ЧЛЕН 58 ОД ОЗПО)

1) Работните места на оперативно-инструкторски и управно-извршни работи и работи на стражи за непосредно обезбедување во казнено-поправните домови, воспитно-поправните домови и затворите.

2) Работните места за обезбедување во посебните служби на обезбедување на Сојузното собрание, Сојузниот извршен совет, републичките извршни совети и највисоките тела на општествено-политичките организации во Федерацијата и републиките.

3) Работните места на контра-извидувачките служби и работите на криптографија.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 до 3 се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

## XXXIII. ВО ШУМАРСТВОТО

Работните места на работници кои најмалку 80% од вкупното ефективно работно време во текот на годината го поминат на непосредни работи на шумарски работник — сечач.

Секои 12 месеци поминати на овие работни места, се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

Член 3

Како работни места на кои осигурениците поради природата и тежината на работата, по одредени години на животот не можат со успех да ја вршат својата професионална дејност (чл. 1 точ. 2) и соодветно зголемување на стажот на осигурувањето се утврдуваат:

**Во уметничка дејност**

1) Работните места на балетски играчи.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 1 се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

2) Работните места на оперски пеачи — солисти носители на главни улоги.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 2 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

3) Работните места на играорци во постојан работен однос во професионални ансамбли на народни игри кои имаат во просек најмалку 50 настапи годишно.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 3 се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

Член 4

Во стаж на осигурување со зголемено траење се смета, ако со закон или со одлука на Заедницата за поодделни случаи не е поинаку определено:

1) сето време ефективно поминато по 15 мај 1945 година во вршење на работи на работни места утврдени со закон или со одлука на Заедницата,

2) сето време ефективно поминато на работа со полно работно време или со работно време кое е изедначено со полното работно време, како: осигуреници со телесно оштетување од најмалку 70%, воени инвалиди од I—VI група, слепи лица, лица заболени од дистрофија и сродни мускулни и невромускулни заболувања и цивилни жртви од војната со телесно оштетување од најмалку 70% во смисла на прописите од инвалидското осигурување.

Член 5

Работните места на кои стажот на осигурувањето не се сметаше во зголемено траење по прописите кои важеа до 31 декември 1972 година можат да се утврдат како работни места на кои стажот на осигурувањето се смета во зголемено траење под услов придонесот за покривање на зголемениот стаж да се уплати од 7 мај 1968 година.

Член 6

На осигурениците кои вршеле работи на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење утврдени со закон или со одлука на Заедницата, старосната граница пропишана за стекнување на старосна пензија се смалува сразмерно на степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на односните работни места, и тоа:

1) по една година за секои 6 години поминати во вршење на работи на работни места на кои 12 месеци ефективно поминати се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

2) по една година за секои 5 години поминати во вршење на работи на работни места на кои 12

месеци ефективно поминати се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

3) по една година за секои 4 години поминати во вршење на работи на работни места на кои 12 месеци ефективно поминати се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

4) по една година за секои 3 години поминати во вршење на работи на работни места на кои 12 месеци ефективно поминати се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

Член 7

Стажот на осигурување кој се смета во зголемено траење на работните места опфатени со оваа одлука може да престане да се смета во зголемено траење доколку престанат да дејствуваат околностите од член 57 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, односно член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 8

Организациите на здружен труд и органите кај кои постојат работни места на кои стажот на осигурувањето се смета во зголемено траење, должни се да воспостават евиденција за таквите работни места.

Член 9

(1) Поради воспоставување на евиденција (чл. 8) за работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење и работниците кои работат на тие работни места, основните организации на здружен труд и органите на управата во кои постојат работни места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење должни се комисиски, во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на општиот акт со кој се утврдени работните места, да ги утврдат:

1) работните места во организацијата на здружен труд на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење во смисла на одредбите на оваа одлука,

2) работното време кое според општиот акт на основната организација на здружениот труд, во согласност со законот, се смета како полно работно време на работните места утврдени во смисла на точка 1 од овој став,

3) бројот на работниците кои редовно работат на работните места утврдени во смисла на точка 1 од овој став, земајќи ја како основа бројната состојба според распоредот на работниците во месецот пред месецот во кој влегува во сила одлуката за утврдување на работните места,

4) календарската година во која без прекин или со прекин во основната организација на здружениот труд, се вршат работите на работните места утврдени во смисла на точка 1 од овој став.

(2) Комисијата која ја утврдува фактичката состојба од став 1 на овој член ја сочинуваат: претставник на ООЗТ, претставник што ќе го овласти Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и претставник на општинскиот орган на управата надлежен за работите на инспекцијата на трудот односно органот надлежен за работите на рударската инспекција.

(3) За утврдената фактичка состојба од став 1 на овој член се составува записник во 3 примероци од кои еден задржува организацијата на здружениот труд, а по еден примерок се доставува на Заедницата на здравството и здравственото осигурување и Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(4) За спорните прашања во врска со комисиското утврдување на фактичката состојба решава арбитражно посебна комисија која ја формира општинскиот орган на управата надлежен за труд од по еден претставник на основната стопанска комора, општинскиот синдикален совет и општинскиот орган на управата надлежен за работите на инспекцијата на трудот, односно органот надлежен за работите на рударските инспекции.

Одлуката на арбитражната комисија е конечна.

(5) Утврдувањето на фактичките состојби во смисла на одредбите на овој член ќе се изврши, ако е тоа можно, врз основа на расположивата документација и за работните места од став 1 на овој член кои во работната организација порано постоеле а во време на утврдувањето на фактичката состојба повеќе не постојат, како и за работниците кои работеле на тие места. Исто така, утврдувањето на фактичката состојба ќе се изврши и за работните места и работниците на оние работни организации кои повеќе не постојат поради спојување односно здружување со друга работна организација, а врз основа на расположивата документација во новата работна организација.

(6) Доколку утврдувањето на фактичката состојба по одредбите на овој член не може да се изврши врз основа на расположивата документација во организациите на здружениот труд, осигуреникот и другите лица можат да поднесуваат барање за да времето кое се признава како поминато на работни места на кои стажот на осигурувањето се смета во зголемено траење, согласно одредбите на оваа одлука, им се утврди во управна постапка врз основа на изјави на сведоци и други доказни средства и тоа во рок од 1 (една) година сметајќи од денот на влегувањето во сила на одлуката со која се утврдуваат работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење.

Член 10

Одредбите од член 8 и 9 на оваа одлука ќе ги применува Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и во постапката при утврдувањето во организациите на здружениот труд и органи каде постојат осигуреници со телесно оштетување од најмалку 70%, воени инвалиди од I—VI група, слепи лица, лица заболени од дистрофија и сродни мускулни и невромускулни заболувања и цивилни жртви од војната со телесно оштетување од најмалку 70% во смисла на прописите од инвалидското осигурување.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Бр. 01-1006/1
10 јули 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева**, с. р.

---

**286.**

Врз основа на член 113 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 144 и 203 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73 и 28/74), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 јули 1975 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Со оваа одлука се регулира спроведувањето на продолженото пензиско и инвалидско осигурување на лицата кои ги исполнуваат условите од член 145 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

II

Продолжено осигурување за стекнување и определување на право од пензиското и инвалидското осигурување може, под услови и на начин утврдени со оваа одлука, да оствари осигуреник кој по 1 јануари 1973 година имал својство на работник во здружениот труд или самостојно вршел дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани врз основа на која бил осигурен, а на кого му престанало задолжителното осигурување, ако го уплати придонесот за продолжено осигурување.

Ако на осигуреникот задолжителното осигурување му престанало пред 1 јануари 1973 година и на тој ден постоеле околностите наведени во член 145 став 1 од Статутот на Заедницата, продолжено осигурување може да се оствари само за времето од 1 јануари 1973 година додека траат тие околности.

III

Продолжено осигурување може да се оствари ако не изминале повеќе од 6 месеци од денот на престанокот на задолжителното осигурување во Југославија до настапувањето на околностите од член 145 став 1 точка 1 и 2 од Статутот врз основа на кои се остварува продолженото осигурување.

Осигуреник кој е вработен во странство, односно престојува во странство, може да оствари продолжено осигурување ако нема изминато повеќе од една година од денот на престанокот на задолжителното осигурување во Југославија до настапувањето на околностите од член 145 став 3 и 4 од Статутот врз основа на кои се остварува продолженото осигурување.

Ако престанат околностите од член 145 став 1 од Статутот врз основа на кои било остварено продолжено осигурување, осигуреникот може повторно да оствари продолжено осигурување ако во роковите од ставовите 1 и 2 на оваа точка повторно настапат тие околности сметајќи ги овие рокови од денот на престанокот на првиот случај на продолженото осигурување.

IV

За времето поминато на стручно усовршување или специјализација по престанокот на задолжителното осигурување (член 145 став 1 точка 1 од Статутот), осигуреникот може да оствари продолжено осигурување ако задолжителното осигурување престанало поради одење на усовршување или специјализација без оглед дали усовршувањето или специјализацијата се врши во Југославија или во странство, во училишта за курсеви или во организации на здружениот труд и без оглед на тоа колку време трае.

V

За времетраењето на привремена невработеност може да се оствари продолжено осигурување (член 145 став 1 точка 2 од Статутот) ако привремено невработеното лице било задолжително осигурено, а по престанокот на задолжителното осигурување се пријавило во пропишаниот рок во општинската заедница за вработување, без оглед на тоа дали примало паричен надоместок за време на привремената невработеност, но најмногу до 2 години.

По исклучок, брачниот другар на активно воено лице преместено по потреба на службата, на кој вработувањето му престане поради ова преместување, правото на продолжено осигурување го остварува најмногу до 3 години.

VI

Продолжено осигурување може да оствари и југословенски државјанин вработен во странство (член 145 став 1 точка 3 од Статутот) иако за тоа време е задолжително осигурен кај странски носител на социјално осигурување, освен ако со државата во која е вработен е склучен меѓународен договор за социјално осигурување по кој тоа време му се смета во пензиски стаж за здобивање на права од пензиското и инвалидското осигурување.

VII

За времето поминато на неплатено отсуство подолго од 30 дена, осигуреникот може да оствари продолжено осигурување ако неплатеното отсуство се користи во случаите и под условите утврдени со општите акти на организацијата на здружениот труд.

VIII

Во стаж на осигурување се сметаат периодите на продолженото осигурување за кој е уплатен соодветен придонес за пензиското и инвалидското осигурување и кои се регистрирани во матичната евиденција на осигурениците.

IX

Придонесот за продолжено осигурување се пресметува и плаќа според пропишаната стапка на основниот придонес од иста основа според која придонесот бил пресметуван и плаќан непосредно пред престанокот на задолжителното осигурување, со тоа што основата секоја година се валоризира според движењето на просечните лични доходи во Републиката во претходната година.

По исклучок, за осигурениците кои поднеле барање за продолжено пензиско и инвалидско осигурување за изминат период основицата од претходниот став се сведува на ниво на годината во која е поднесено барањето и по таа основица придонесот ќе се пресметува и плаќа за целиот период, применувајќи ја притоа стапката на основниот придонес која важи за годината кога е поднесено барањето.

X

Осигуреникот кој плаќа придонес за продолжено осигурување а се наоѓа во странство, придонесот го плаќа во странска валута, ако со посебни прописи не е поинаку одредено.

XI

Придонесот за продолжено осигурување се плаќа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

XII

Осигуреникот поднесува пријава за пристапување во продолжено осигурување до овластената стручна служба што ги врши работите на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија каде осигуреникот бил осигурен пред престанокот на задолжителното осигурување со потребните докази, и тоа:

1) доказ за настанатите околности од член 145 став 1 точка 1—5 од Статутот на Заедницата,

2) доказ за износот на основицата за плаќање на придонес од точката IX на оваа одлука.

Врз основа на поднесената пријава и потребните докази надлежната овластена стручна служба донесува решение за остварување на продолжено осигурување.

XIII

Времето на продолженото осигурување се внесува во работната книшка на осигуреникот и се регистрира во матичната евиденција на овластената стручна служба која го донела решението.

XIV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-1007/1
10 јули 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева**, с. р.

### СЛУЖБЕНА ОБЈАВА

Врз основа на член 8 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството, („Службен весник на СРМ“ бр. 29/1973 година), Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — Централа во Скопје, ги

објавува

следните заеднички елементи утврдени според податоците од периодичните пресметки за периодот јануари — септември 1974 година и завршните сметки за 1974 година за организациите од стопанството, и тоа:

| Елементи | Периоди Јануари-септември 1974 г. | Јануари-декември 1974 г. |
|---|---|---|
| 1. Доход за распределба по условно неквалификуван работник во стопанството | 23.997,00 | 31.997,00 |
| 2. Просечен бруто личен доход по условно неквалификуван работник во стопанството | 17.424,00 | 23.233,00 |
| 3. Односи за распределба на доходот во стопанството: | | |
| а) за проширување на материјалната основа на здружениот труд | 27,4% | 27,4% |
| б) за лични доходи и други лични примања | 72,6% | 72,6% |

Бр. 195
19 август 1975 година
Скопје

Генерален директор,
**Благој Симеонов**, с. р.

# КОНКУРСИ

Советот на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ — Скопје, врз основа на чл. 28 од Статутот на Факултетот,

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следниве работни места, со неполно работно време:

I. за по еден наставник во звањето редовен професор, вонреден професор, виш предавач, доцент или предавач, за предметите:
— нацртна геометрија
— топологија
— хемиска технологија
— педагогија со психологија
— основи на политичката економија
— основи на марксистичката филозофија
— методика на математичката настава
— методика на биолошката настава

II. за по еден лектор по предметите:
— англиски јазик
— француски јазик
— германски јазик
— руски јазик

III. за помлад асистент или асистент по предметот нацртна геометрија.

Информации за условите на конкурсот можат да се добијат во Секретаријатот на Факултетот или на тел. 61-330 и 61-340.

Пријавите во 4 примероци, од кои едната таксирана со 2 динари таксени марки, се поднесуваат до Секретаријатот на Факултетот. Кон пријавата се приложува: диплома за високото образование, кратка биографија и список на научните трудови, со по еден примерок од истите.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

---

Конкурсната комисија при ОЗТ — Архив на Скопје — Скопје, врз основа на член 9 од Самоуправната спогодба за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување едно работно место архивист

Услови:

Завршен филозофски факултет, група славистика со знаење на:

а) полски јазик и добро познавање на:

а) чешки и руски.

Пријавите за конкурсот со другите потребни докази се поднесуваат до Архивот на Скопје во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот, во „Службен весник на СРМ“.

Архив на Скопје, ул. „Московска“ бр. 1, Скопје

### СОДРЖИНА

Страна

378. Одлука за определување на корисник и поблиски услови за користење на средствата за изградба на училишен простор за средните училишта — — — — — 545
379. Одлука за определување на корисниците и износите на средствата за финансирање на задачите на социјално-хуманитарните организации и за развитокот на физичката култура во 1975 година — — — 545
380. Одлука за распределба на приходите на Лотаријата на Македонија за 1975 година 546
381. Одлука за одредување највисоко ниво на цените на тетратките — — — — — 546
382. Одлука за определување ниво до кое можат да се формираат цените на производите на графичката индустрија (школски учебници) — — — — — — — — — 546
383. Одлука за определување нивото до кое можат да се формираат цените на производите од искористување на шумите — 546
384. Одлука за изменување на Одлуката за распределба на средствата за изградба и опремување на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката за 1975 година — — — — — — — — — 547
385. Извод од регистарот на верифицираните училишта и други организации за средно образование во СР Македонија — — — 547

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

285. Одлука за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката состојба — — — 550
286. Одлука за условите и начинот за остварување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување — — — — — — 558

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**